# Најсреќен со моето застапување на Судниот ден ќе биде оној кој искрено од срце или душа ќе рече: Нема друг вистински бог освен Аллах.'"

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Некој праша: О, Аллахов пратенику, кој ќе биде најсреќен со твоето застапување на Судниот ден?' Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: ,Како што и помислив, о Ебу Хурејре, дека никој нема да ме праша за ова пред тебе, поради твојата желба за хадисите. Најсреќен со моето застапување на Судниот ден ќе биде оној кој искрено од срце или душа ќе рече: Нема друг вистински бог освен Аллах.'"

[صحيح] [رواه البخاري]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека најсреќните луѓе со неговото застапување на Судниот ден ќе бидат оние кои искрено од своето срце ќе кажат: „Нема друг вистински бог освен Аллах", што значи дека нема друг кој заслужува да биде обожуван освен Него и дека треба да бидат чисти од ширк и лицемерие (дела се прават поради некој друг а не Аллах).



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee